РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-594/1
20-01-2016 год.
СКОПЈЕ

ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-1840/1
25.03.2016 год.
СКОПЈЕ

# Д О Г О В О Р

## за регулирање на меѓусебните права и обврски за доградба на училишна фискултурна сала за Општинското основно училиште „Св.Кирил и Методиј"- Општина Центар, Скопје

Склучен на ден ______________2015 година во Скопје, меѓу:

1. **МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**, со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје, застапувано од **Министерот Абдилаќим Адеми** (во натамошниот текст: Министерството).
2. **Општина Центар**, со седиште на ул."Михаил Цоков " бр. 6б Скопје, застапувана од **Градоначалникот Андреј Жерновски** (во натамошниот текст: Општината),

**I. ОДРЕДБИ НА ДОГОВОРОТ**

**ПРЕДМЕТ**

**Член 1**

(1) Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски меѓу договорните страни во врска со извршување на работите за доградбата на училишна фискултурна сала за Општинското основно училиште „Св. Кирил и Методиј", Општина Центар, Скопје.

(2) Доградбата на училишна фискултурна сала за потребите на Општинското основно училиште „Св. Кирил и Методиј", Општина Центар, Скопје, ќе започне по издавање на одобрението за градба од Општината.

(3) По изготвувањето на позитивен извештај за извршен технички преглед од страна на Надзорниот инженер и Инвеститорот, Општина Центар, согласно Законот за градење ќе ја спроведе постапката за запишување на објектот во јавните книги на Агенцијата за катастар на недвижности, со намена на користење на Општинското основно училиште „Св. Кирил и Методиј", Општина Центар.